Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември
2016
2017
2018
2019
2020
2021

## Извадок на дел од дневни настани 04.04.2021

На 04.04.2021 во 02,20 часот со претходно обезбедена наредба од Основен суд Кавадарци, полициски службеници влегле во викендица лоцирана на место викано Брушанска населба на Тиквешко езеро, сопственост на А.В.(23) од Кавадарци, каде биле затекнати четири лица, а во близина на викендицата пронајдени биле и легитимирани уште 14 лица меѓу кои и сопственикот. По целосното расчистување и документирање на случајот ќе следи кривична пријава по чл.206 од КЗ на РСМ.

Во текот на вчерашниот ден (03.04.2021) спроведена е зајакната акциска контрола на автопатот Скопје-Гевгелија и магистрален пат Градско-Прилеп за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 175 возила. Од нив, 31 возило се движело со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а девет возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина.

На 03.04.2021 во 14,30 часот на подрачјето на Драчево, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Т.Р.(34) од Скопје затоа што при преглед кај него била пронајдена марихуана. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 03.04.2021 во 11.05 часот било пријавено дека во Скопје на бул.„Борис Трајковски" се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило „сузуки витара" со скопски регистарски ознаки, управувано од Д.К.(75) од Скопје и патничко моторно возило „бмв" со скопски регистарски ознаки, управувано од Е.К.(21) од Скопје. Во незгодата сопатничката од возилото "бмв" М.Б.(20) од Скопје се здобила со тешки телесни повреди, а Е.К. се здобил со телесни повреди констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Скопје.

На 03.04.2021 во 14,30 часот на Граничниот премин Табановце, за излез од Р.С.Македонија при извршената пасошка контрола на Д.П.А.(34) од Р.Франција било утврдено дека личната карта не била негова. По преземени мерки, утврдено е дека станува збор за Б.Н.Е.(48) од Камерун. Тој бил приведен и предаден на полициски службеници од СВР-Куманово за понатамошна постапка.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (03.04) продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот.На територијата на град Скопје изречени се вкупно 163 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 75, девет санкции за возење без возачка дозвола, пет за технички неисправни и нерегистрирани возила.Изречени се девет санкции за користење мобилен телефон, пет минување на затворен сигнал (црвено светло), две мерки за некористење сигурносен појас и 33 санкции за непрописно паркирани возила.

На 03.04.2021 во 21,00 часот било пријавено дека на магистралниот пат Охрид-Кичево кај с.Ново село патничко моторно возило "пежо" со охридски регистарски ознаки управувано од Н.С.(70) од Охрид излетало од коловозот. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобила сопатничката А.Т.(58) од Охрид, а возачот и уште една сопатничка Л.С.(62) од Охрид се здобиле со телесни повреди констатирани во болницата "Св.Еразмо"-Охрид. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Охрид.

На 03.04.2021 во 19,30 часот во Полициската станица Аеродром В.К.(73) од Скопје, пријавила дека на бул."АСНОМ" била касната од куче скитник.

На 03.04.2021 во 21,45 часот во Полициската станица Гази Баба Д.С.(37) од Скопје, пријавил дека во с.Идризово неговиот син бил каснат од куче скитник.

На 03.04.2021 во 22,40 часот во угостителски објект во с.Сараќино од полициски службеници од СВР Тетово била извршена контрола и при тоа во објектот сопственост на М.З.(43) од Тетово биле затекнати 10 лица, кои биле приведени во полициска станица поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело по чл.206 од КЗ на РСМ. По целосното расчистување и документирање на случајот ќе следат соодветни поднесоци.

На 03.04.2021 во 11,30 часот Т.А.(68) од с.Ниќифорово пријавил дека во атар на с.Леуново на место викано Црн камен пронашол неексплодирана рачна бомба од Втората Светска Војна. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од Полициската станица Гостивар, по што била предадена на Дирекцијата за заштита и спасување Тетово за понатамошна постапка.

На 03.04.2021 околу 09,40 часот од полициски службеници од Полициската станица за Граничен премин Јажинце бил приведен А.З.(30) од Р.Албанија поради илегален влез во РСМ. Тој бил задржан во СВР Тетово за понатамошна постапка.

На 03.04.2021 во 10,07 часот Ж.М.(61) од Скопје пријавил дека на 01.04.2021 околу 19,00 часот на „Кеј Димитар Влахов" бил физички нападнат од едно лице, при што му биле одземени два мобилни телефони, паричник со пари и документи. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 03.04.2021 во 21,50 часот В.Г.(23) од Битола пријавил дека истиот ден околу 20,25 часот во Битола на ул.„Неолица" видел како две кучиња кои биле сопственост на М.Т. од Битола ја нападнале В.Л.(49) од Битола. В.Л. се здобила со телесни повреди констатирани во Клиничката болница Битола. Се работи на расчистување на случајот.

На 03.04.2021 во 10,00 часот во Скопје на ул.„Волт Дизни" настанал пожар во куќа, кој бил изгаснат од Бригадата за противпожарна заштита. Нема повредени лица. Во меѓувреме екипата од Бригадата за противпожарна заштита забелажала чад од две соседни куќи, но било спречено проширувањето на пожарот. Се работи на расчистување на случајот.

На 03.04.2021 во 12,00 часот Н.П.(65) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Карпош му било одземено патничко моторно возило „фолксваген т-рок 1,5" со скопски регистарски ознаки. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 03.04.2021 во 15,10 часот во Полициска станица Крива Паланка, Љ.Ј.(26) од Крива Паланка пријавила дека нејзината баба Ц.Ѓ.(79) се оддалечила од нејзиниот дом. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 02.04.2021 во 20,30 часот било пријавено дека во Тетово на ул.„Љубо Божиновски Пиш" настанал пожар во магацин-хала сопственост на Џ.Џ.(67) и У.Џ.(60) двајцата од Тетово. Пожарот бил изгаснат од Територијалната противпожарна единица Тетово. Повредени лица нема. Извршен е увид.

На 03.04.2021 во 19,50 часот било пријавено дека во Скопје на ул."Козле" возило, (кое го напуштило местото на настанот) удрило во велосипед со мотор „томос" кој бил паркиран од Д.П.(72) од Скопје. Д.П. се здобил со тешки телесни повреди констатирани во Градската општа болница „8-ми Септември". Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Скопје и се работи на расчистување на случајот.

На 03.04.2021 во 20,00 часот на Меѓународниот аеродром Скопје била лишена од слобода Х.Б.(42) с.Селце-тетовско поради тоа што физички нападнала полициска службеничка. По целосното расчистување и документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 03.04.2021 во 20,15 часот А.Г.(34) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Ѓорче Петров заедно со В.М.(38) од Скопје биле физички нападнати од едно лице, кој им се заканувал со пиштол. Се работи на расчистување на случајот.

На 03.04.2021 во 20,46 часот било пријавено дека во Битола бил нарушен јавниот ред и мир со меѓусебна пресметка помеѓу З.Б. и М.Б. од една страна и Р.Б., З.Б., Д.Б. и С.Б. од друга страна сите од Битола. Се работи на расчистување на случајот.

На 04.04.2021 во 00.30 часот полициски службеници од ОВР Прилеп го привеле А.З. (26) од Прилеп по пријава од А.Р.(44) од Прилеп дека на 03.04.2021 околу 21,00 часот А.З. насилно ја однело нејзината ќерка со патничко моторно возило „голф". Известен е Јавен обвинител и по документирање на случајот ќе следи соодветна пријава.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет